Основен курс

# Практично водење на сметководство и примена на даночно законодавство - I степен

термини: секој месец почнува нова група

## Цел

Стекнување практични знаења во областа на сметководство и правилна примена на даноци со цел ученикот да научи: правилно да ги евидентира и систематизира настаните во вид на финансиски извештаи, и правилно да го применува даночното законодавство.

## Учесници

Секој, без разлика на возраста, степенот на образование и работното искуство, што сака да се стекне со практично знаење во областа на сметководството и даноци.

## Временска рамка

Вкупно траење на обуката: 65 часа, 17 дена, два пати неделно (понеделник/среда; вторник/четврток; од 17 до 19,40 часот)

## Програма на обуката

- Применлива законска регулатива во областа на сметководство и даноци;
- Контна рамка;
- Обработка на документи и контирање на изводи;
- Основи на законот за ДДВ и изготвување на ДДВ пријава;
- Фактури – согласно законот за ДДВ, сметководствено евидентирање на влезни фактури;
- Приходи/расходи и сметководствено евидентирање на излезни фактури;
- Пресметка на придонеси и персонален данок од плата и евидентирање на плата;
- Магацинско работење, методи на вреднување на залихи, утврдување; на набавна вредност на залиха согласно МСС2;
- Трговија на мало: приемни листи, евидентирање на дневен пазар;
- Обработка на на документи: девизни изводи и пресметка на курсни разлики;
- Пресметка и евидентирање на трошоци преку благајна, оформување на документација за благајна;
- Главна книга;
- Аналитика на добавувачи/купувачи;
- Пресметка на амортизација, отпис на ситен инвентар;
- Контрола на салда од средстава, обврски, приходи, расходи и капитал;
- Припреми за завршна пресметка, затварање на салдата на приходните и расходните конта (класа 4 и 7), евидентирање на резултатот од работење, запознавање со обрасци за завршна пресметка (БС, БУ);
- Отварање почетен биланс – почетен налог за наредна година.

## Очекувани резултати

- да ги познава основните законски прописи и дел од професионална регулатива (МСС, МСФИ, МСФИ за МСЕ);
- да ги препознава и применува документите, да ја контролира нивната оформеност од аспект на законските прописи;
- да ја разбере суштината на евидентирањето;
- да ги разбира сметководствените настани;
- да ги применува сметките од аналитички сметковен план и да изготвува налози за книжење;

- да ја искаже билансната рамнотежа;
- да отвори Т-е сметки со нивно точно салдо: дебитно или кредитно;
- да ја разбира аналитичката евиденција за побарувања и обврски;
- да ги дефинира и групира средствата, обврските и капиталот;
- да го утврди расходот по основ на продадени залихи согласно МСС2;
- да води евиденција на набавка и продажба врз основа на документи;
- да пополнува материјална картица;
- да поврзува конкретен проблем;
- да ги анализира и утврдува точноста на сметките пред пресметка на данок на додадена вредност (поднесување на ДДВ пријава);
- да го анализира дебитното, кредитното салдо сметките на средства, обврски, приходи, расходи и капитал;
- да стекне способности за логично размислување, решавање на проблеми;
- практично да ги применува стекнатите знаења и способности.

Стекнатото знаење од обуката претставува солидна основа за успешно работење на слушателите во: финансискиот сектор на компаниите од бизнис сферата, од државните органи или работа во банка.

## Програмска подршка, опрема и материјал за обуката

Предавањата се одвиваат во опремена просторија со модерна технологија, практична работа на индивидуален компјутер со користење на софтвер за финансово и материјално сметководство. Се изработуваат проекти, тестови и задачи за утврдување на стекнатите знаења за секоја целина поодделно, а со вкупен обем од 30 тестирања, како и наставен материјал во вид на прирачник.

## Поволности

Учесниците во текот на обуката добиваат:

- бесплатни консултации и помош во водење на сметководство во нивните деловни субјекти
- софтвер за водење сметководство инсталиран на ваше USB (истиот на кој што се одвива наставата на часовите)

## Предавач

Кристина Тилиќ, дипломиран економист, овластен ревизор (во продолжение кратка биографија за предавачот).

## Сертификат

Секој учесник кој успешно ќе ја заврши обуката ќе се стекне со Сертификат за посетена обука за практично водење на сметководсто и примена на даночно законодавство I степен.

## Пријавување

Секој учесник треба да достави ПРИЈАВА ЗА ОБУКА.

## Цена

**18.000 денари на три еднакви месечни рати (6.000 * 3)**
**Посебен попуст за ученици, студенти и невработени, цената изнесува 15.000 денари на три еднакви месечни рати (5.000 * 3)**

Цената вклучува трошоци за работен материјал, тестови, наставен материјал, софтвер за водење на сметководство инсталиран на ваше USB (или PC), освежување за време на паузата.

## Податоци за плаќање

Примач: НОВА консалтинг и едукација. Сметка: 3 0000000 2463254
Комерцијална банка. Цел на дознака: ЗА ОБУКА

## Кратка биографија на предавачот – Кристина Тилиќ

### Квалификации

- Дипломиран економист;
- Диплома за стекнато звање Овластен ревизор издадена од Министерство финансии;
- Диплома за професионално образование од областа на сметководството издадена од USAID;
- Диплома за професионално образование од областа на ревизија издадена од USAID.

### Работно искуство

- Предавач на курсеви во областа на сметководство и финансии во Работнички Универзитет "Кочо Рацин" – надворешен соработник -15 години;
- ЈП за Стопанисување со станбен и деловен простор – финансов директор, директор на компјутерски центар, самостоен проектант на бази на податоци;
- Надворешен соработник во областа на информатика, сметководство, финансии, во повеќе реномирани фирми: Вива сокови, Лекарска комора на РМ, Стоматолошка комора на РМ, Работнички Универзитет "Кочо Рацин", Кејбл Тел, Златен Клас, Студио и академија Леонтич, Фигурела, Делта Брокер, Свем инженеринг, СМС треид, Авторско-правно биро, Основен суд Крива Паланка, Колбико Инженеринг, Зинес, Талија, и др.
- Електроелемент – финансов директор;
- Нова консалтинг и едукација – основач и генерален менаџер.

### Дополнително искуство

- Предавач на семинари, работилници на тема финансиски политики и процедури за општините во РМ (УСАИД), сметководство на Фудбалски Сојузи во согласност со МСФИ;
- Повеќе ревизорски ангажмани, активно учество на семинари и симпозиуми во областа на сметководство, финансии и ревизија;
- Претседател на Надзорен Одбор на Институтот на овластени ревизори на РМ;
- Председател на Извршен одбор на Сојуз на сметководители на РМ; Председател на Надзорен одбор на Радо-банк и др.